КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

Бр. 01-163/3
2.4.2021

# ПРОГРАМА НА КИНОТЕКАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 година

| | | буџет |
|---|---|---|
| ЗАШТИТА | | |
| 1.1. | ЗАШТИТА И ЧУВАЊЕ НА ФИЛМОВИ, ФИЛМСКИ И ВИДЕО МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГА КИНОТЕЧНА ГРАЃА | 325000 |
| | LTO6 ленти | |
| | НАДВОРЕШНИ ХАРД ДИСКОВИ | |
| | ПОЛИЦИ (систем на полици од под до таван во висина од 4 метри) за просторијата зад стручната библиотека со што делумно би се решил проблемот со магацински простор во Кинотеката. Проценето е дека за оваа намена се потребни околу 4000000 МКД и затоа средства за реализација ќе се црпат и од други програми - како од проектот СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ФИЛМОЛОШКА БИБЛИОТЕКА, ГОДИШНА ФИЛМСКА ПРОГРАМА (можеби и од сметката за самофинансирачки активности). Реализацијата на проектот 1.1. е тесно поврзана со реализацијата на проектот 1.2. т.е. ДИГИТАЛНА РЕСТАВРАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ФИЛМОВИ. Имено, доколку тендерот за набавка на скенер за филмови е повисок од предвиденото, набавката на полиците ќе се откаже и овие средства ќе се искористат за набавка на пропратните елементи потребни за работа на скенерот. | |
| 1.2. | ЗАШТИТА (РЕСТАВРАЦИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА) НА АВ МАТЕРИЈАЛИ И ДИГИТАЛНА РЕСТАВРАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ФИЛМОВИ | 2000000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Во пријавата за предлог програма за 2021 доставена до Министерството стои дека овој проект се однесува на дигитализирање и дигитално реставрирање на играните филмови МИС СТОН (2.627 мет.), МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА (2.754 мет.) и СОЛУНСКИ АТЕНТАТОРИ (2.600 мет.). Притоа се побарани 3.500.000 денари што е реалната сума за овој проект. За жал, при кратење на средствата овој проект падна на 2 милиони што е речиси дупло помалку од побараното. Јасно е дека затоа овој проект треба да претрпи измена. Мојот предлог е овој проект да го задржи насловот и да се промени содржината на пријавата (веќе се имам консултирано со службеници од Министерството) во насока наместо дигитализација на овие филмови да се купи скенер за скенирање филмови по што ќе пристапам кон формирање на одделение за дигитализација. Имаме доволно луѓе (обучени делумно, и ќе биде потребна дополнителна обука) овој скенер да работи со полна піреа и мислам дека ова е многу подобар избор отколку целиот процес да го обавуваме надвор од земјата со многу мала или никаква контрола врз процесот на реставрација (особено тешко оди во овие пандемиски услови). На тој начин во иднина процесот на реставрација на македонски фимови би се одвивал на следниот начин: 1) скенирање во Кинотека 2) реставрација и колор корекција во Македонија со надворешни соработници доколку се работи за покомплициран зафат. | |
| 1.3. | **ЗАШТИТА НА АВ МАТЕРИЈАЛИ, ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ФИЛМОВИ И ИЗРАБОТКА НА ДВД ИЗДАНИЕ** | 400000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Исто како и претходниот проект (1.2) и за овој проект беа побарани 900000, а одобрени се 400000. Мојот предлог е наместо Антологија на македонскиот краток игран филм (бр.2) на 4 ДИСКОВИ, Кинотеката да објави 1 блуреј диск со буклет и сите пропратни содржини од филмот МИРНО ЛЕТО. Мислам дека овој филм го заслужува тоа. Се работи за филмска класика, од денешна перспектива и објавување на ваков блуреј диск ќе биде за првпат во Македонија. Одобрените средства се доволни за оваа модификација. | |
| 1.4. | **ОБРАБОТКА, КАТАЛОГИЗАЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА АВ ФОНДОВИ** | |
| | Десктоп компјутери | 270000 |
| | Телевизори | |
| | Док. станици | |
| | Слушалки | |
| | Печатач за дебела хартија (ова очекуваме донација од ГЕТЕ ИНСТИТУТ и ако се реализира, средствата - 60000 - би ги потрошиле на нешто друго. | |
| | Пратка од Милчо Манчевски со 9 кутии документи од ЊУЈОРК. | |
| 1.5. | **ПРЕЗЕМАЊЕ, ПРИБИРАЊЕ, НАБАВКА И ЧУВАЊЕ НА ФИЛМОВИ...** | 425000 |
| | ЛТХ - сервисирање и поправка на системите за ладење | |
| | МРЕЖЕН СЕРВЕР ЗА ПОДАТОЦИ - ова е најскапиот дел од опремата и чини 370000 денари | |
| 1.6. | **ПРИБИРАЊЕ НА ФИЛМОВИ И ФИЛМСКИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА МАКЕДОНИЈА ОД СТРАНСКИ ФОНДОВИ** | |
| | Продолжување на набавката на филмови од Филмски новости | 350000 |
| 1.7. | **ГОДИШНА ФИЛМСКА ПРОГРАМА** | |
| | Преглед на филмови | 1400000 |
| | Транспорт на филмови | |
| | Изнајмување на филмови | |
| | Одржување на кино сала и материјали за одржување киносала | |
| | Популаризација и презентација на македонска филмска продукција во Македонија и во странство | |
| | Одржување и материјали за летно кино | |
| | Пропаганден материјал (месечни програмки, постери, каталози, флаери, покани, банери...) | |
| | Маркетинг и административни трошоци (ажурирање на веб страна – изработка на текстови, лекторирање, превод на англиски и албански јазик...; ТВ настапи, ТВ-рекалми, рекламирање на социјални медиуми...) | |

| | | |
|---|---|---|
| | Превод на филмови | |
| | Субтитлување | |
| | Компјутери, компјутерска опрема (блуреј режачи, ЛТО рекордер...) и софтвери за реализација на филмска програма | |
| | Проекти за осовременување и адаптација на проекциите | |
| | Хард дискови за реализација на програма | |
| | Гости на КИНОТЕКАТА и организирање циклуси (покривање на патни и трошоци за сместување на гостите на Кинотеката) | |
| 1.8. | **ФИЛМСКА УЧИЛНИЦА** | 330000 |
| | Продолжување на проектот ФИЛМСКА УЧИЛНИЦА од 2020 година. Покрај вообичаените активности на запознавање на селектирана група млади со филмот и филмската уметност, на проектот ќе му дадеме и научна димензија со ангажирање на лица што ќе го истражат историјатот и перспективите на користењето на филмот како методско помагало. Дел од средствата ќе се искористат и за набавка на опрема. | |
| 1.9. | **СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ФИЛМОЛОШКА БИБЛИОТЕКА** | 100000 |
| | Овие средства ќе се користат, како и вообичаено, за набавка на дневен печат, стручна литература, обуки, опрема, а дел може да се искористи и за набавката на потребните полици од точка 1.1. | |
| 2. ЕВРОИНТЕГРАЦИИ | | |
| | Учество на два настани во организација на EUROPA CINEMAS за развој на публика и иновации (овој проект е неизвесен поради ситуацијата) | 150000 |
| 3. МЕЃУНАРОДНА | | |
| | Членарина АЦЕ | 45000 |
| | Членарина ФИАФ | 79000 |
| | Учество на фестивал на неми филмови - Порденоне, Италија (овој проект е неизвесен поради ситуацијата) | 100000 |
| | Учество новооткриени и реставрирани филмови - Болоња, Италија (овој проект е неизвесен поради ситуацијата) | 70000 |
| 4. ИЗДАВАЧКА | | |
| | Кинопис | 160000 |
| | Антонио Митриќески: Хроника на еден филмски сон, автор СТОЈАН СИНАДИНОВ. Минатата година имавме одобрено една книга, на Борис Ноневски, кој од здравствени причини не можеше да ја заврши. Годинава ќе објавиме книга на Стојан Синадинов. | 150000 |

Директор

Владимир Ангелов